Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 7 став 1 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 20-та седница одржана на 19.06.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за измени на Одлуката бр.02-182/1 од 12.02.2010 година**
**за утврдување на денови и време кога се**
**одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје**

1. Со оваа Одлука се врши измена во точка 2 од Одлуката бр.02-182/1 за утврдување на денови и време кога се одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје, на тој начин што се менува времетраењето на тргувањето со хартии од вредност, па наместо до 13:00 часот, истото ќе трае до 14:00 часот.

2. Одлуката да се достави до архивата на Берзата, Комисија за хартии од вредност и за истата да се известат членките и јавноста.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од 03.09.2018 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 19.06.2018 година беше разгледан заклучокот од 15 седница на Одборот на директори одржана на 29.12.2017 година, согласно кој беше заклучено во текот на 2018 година да биде разгледано прашањето за евентуално продолжување на времето на тргување на Берзата. Притоа, Одборот на директори беше информиран дека по направената споредбена анализа на времетраењето на тргување на берзите во регионот, утврдено е дека Македонска берза има најкратко времетраење на тргување и дека истото завршува релативно рано во текот на работниот ден. Со цел надминување на ваквата состојба, во услови на зголемен обем на тргување во изминатиот период, како и со цел прилагодување кон регионалната пракса што е особено битно од аспект на тргување преку SEE Link платформата, беше одлучено наместо до 13:00 часот, тргувањето на Берзата да се одвива до 14:00 часот, почнувајќи од 03.09.2018 година.

Врз основа на горенаведеното, Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје одлучи како во диспозитивот.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Коста Костовски**